Предлагачи: Група Пратеници

ПРЕДЛОГ НА

ЗАКОН ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА

ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Скопје, 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: Pranuar | 13. 02. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia Org | Број Numër | Прилог Shtojce | Вредност Vlere |
| 08 | 949/1 | | |


До

Претседателот на Собранието на

Република Северна Македонија

Врз основ на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловниот на Собранието на Република Северна Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за работно ангажирање на лица.

**Пратеници:**

Тони Ѓалевски

Златко Пенчев

Петар Ристески

Зоранчо Јованчев

Зоран Коцевски

Душко Иванов

Анѓелинка Петкова

Пеце Милевски

Лидија Петкоска

Грација Бакрачевска

Емил Спасовски

Бојан Стојаноски

Сергеј Попов

Јован Јаулески

Драгана Бојковска

Јована Гренчевска

Fatmir Bytyqi

Мишко Трајчулески

Димитар Ковачевски

Оливер Спасовски

Сара Костадиновска Стојчевска

Славјанка Петровска

Јован Митрески

Сања Лукаревска

Даниела Николова

Мајле Талевски

Катерина Димитровска

Ели Панова

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во насока на зголемување на јавните приходи преку формализирање на непријавената работа и унапредување на владеењето на правото, група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија предлагаат законско решение кое ќе овозможи поедноставена постапка за работно ангажирање на лица за повремени и сезонски работи во одредени дејности.

Предложеното законско решение е во согласност со стратешките определби на државата за стимулирање и поддршка на формализацијата на неформалните економски активности преку воспоставување систем на превентивни и стимулативни мерки за поддршка (Стратешка цел 3 од „Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 година“), чии заложби се пренесени и во новата Стратегија за периодот 2023-2027 година.

Предложеното решение црпи од позитивните искуства на земјите од регинот и Европската Унија и клучна цел е со донаторска поддршка да се воспостави регистар за евиденција на работно ангажирање усогласен со постојните системи и ИТ мрежи кои веќе се во функција. На тој начин, преку оваа реформа ќе се воведе институционален механизам за работно ангажирање на лица за вршење работи од повремена и сезонска природа во одредени дејности во поедноставена постапка, со што ќе се овозможи соодветно уредување на правата и обврските и заштита на двете страни од работниот ангажман.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на Законот за работно ангажирање на лица е да овозможи:

- Остварување на правата на лицата ангажирани по овој основ,
- Уредување на правата и обврските кои ќе произлегуваат од работниот ангажман,
- Задоволување на потребата од работна сила кај работодавачите,
- Формализирање на непријавената работа во секторите Земјоделство, шумарство и рибарство, Објекти за сместување и сервисни дејности за храна и Дејности на домаќинството како работодавач.
- Создавање поволно деловно опкружување, земајќи ги потребите на пазарот на трудот,
- Дефинирање на работата од привремена и повремена природа во трудовото законодавство,
- Уредување на поставеноста и функционирањето на регистарот за евиденција на работно ангажирање и
- Зголемување на јавните приходи по основ на даноци и платени придонеси од задолжителното социјално осигурување.

Донесувањето на Законот за работно ангажирање на лица ќе придонесе за подобрување на севкупните економски односи, сузбивање на неформалната економија и подобра контрола на спроведување на трудовото законодавство. Со овој пропис се регулира начинот на воспоставување на работни ангажмани со или без прекини кои ќе имаат значајна улога за вклучување на одредени категории лица во рамки на формалната економија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Работното ангажирање во поедноставена постапка ќе се врши со пријава на лицето преку регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, додека наплатата на даноците и придонесите ќе се врши преку надградба на системот за наплата на даноците и придонесите на Управата за јавни приходи. Развојот, надградбата и соодветното прилагодувањето информациските системи на Агенцијата за вработување и Управата за јавни приходи ќе се реалиизра со донаторска поддршка

Со донесување на овој пропис ќе се прошират надлежностите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за управување и одржување на регистарот за евиденција на работно ангажирање. Буџетот ќе сноси индиректни трошоци (изразени во работни часови) за вклучување на персонал во развој и обуки за управување и одржување на системот по завршувањето на донаторската поддршка, додека не се интегрира истиот во националниот регистар за задолжително социјално осигурување.

Донаторската поддршка, покрај трошоците за воспоставување на регистарот за евиденција на работно ангажирање, опфаќа и спроведување обуки за персоналот од јавните институции за користење и одржување на системот, како и инсталирање на потребните софтверски решенија и едукација на работодавачите и сезонските работници во пилот фазата на моделот.

Нема да биде потребно формирање нови институции или органи, ниту набавка на посебна опрема.

Физичките и правните лица нема да сносат дополнителни административни/финансиски трошоци. Добрата контрола врз спроведувањето на овој пропис позитивно ќе се одрази врз конкурентноста, бидејќи сите работодавачи во услови на непредвидено зголемен обем на работа имаат можност да ангажираат лица под исти услови.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена или сезонска природа, правата и обврските на ангажираното лице и работодавачот, постапката на пријавување на ангажираните лица, како и плаќањето и пресметката на данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување, дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување.

### Цел на законот

### Член 2

Целта на овој закон е да се уреди работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена или сезонска природа, а заради остварување на правата на лицата ангажирани по овој основ, задоволување на потребата од работна сила кај работодавачите и формализирање на неформалната работа.

### Правна природа на работното ангажирање

### Член 3

Работното ангажирање согласно овој закон, е работа од повремена или сезонска природа во одредени дејности и не претставува работен однос согласно Законот за работните односи.

### Дефиниции и поими

### Член 4

(1) Определени изрази употребени во овој закон, го имаат следното значење:

1. „Работодавач“ е правно или физичко лице кое непосредно и за сопствена потреба ангажира лице во одредена дејност и вид на работа согласно овој закон.

2. „Работно ангажирано лице“ е физичко лице ангажирано од страна на работодавач, согласно овој закон.

3. „Работа од сезонска природа“ е работа која поради климатските или природните услови повремено се врши во одредени сезони во текот на годината, со определен број на работни часови, денови или недели во согласност со овој закон.

4. „Работа од повремена природа“е работа која се врши во краток временски период, повремено и со прекини, со определен број на работни часови, денови или недели во согласност со овој закон.

5. „Поедноставена постапка за работно ангажирање на лица“ е постапка која се врши преку пријава на лицето во регистарот за евиденција на работно ангажирање во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од страна на работодавачот, без јавно огласување.

6. „Паричен надоместок од работно ангажирање“ согласно овој закон, е паричен износ кој се исплаќа на работно ангажираното лице за извршената работа.

(2) Изразите кои се употребуваат во овој закон, а имаат родово значење, се користат неутрално и се однесуваат подеднакво на машкиот и на женскиот род, освен доколку со законот не е поинаку определено.

Дејности и видови работи

Член 5

(1) Работодавачот може да ангажира лица за вршење на определен вид на работи од повремена или сезонска природа во следните дејности, согласно Националната класификација на дејности:

- А/А - Земјоделство, шумарство, рибарство;

- И/З - Објекти за сместување и сервисни дејности за храна;

- Т/П - Дејности на домаќинството како работодавач

(2) Видот на работите за кои што работодавачот може работно да ангажира лице во дејностите од ставот (1) на овој член се:

а) Во секторот Земјоделство, шумарство, рибарство: подготовка на земјиште, садење, сеење, жнеење, наводнување на земјиште; заштита на растенија; управување со земјоделски машини (трактор, комбајн и др.); обрежување; пресадување и проретчување; кастрење/стрижење; пасење, нега на стока и друг работи во сточарството; берење зрнести плодови; берење јаболчести плодови; берење јаткасти плодови; берење и наводнување градинарски култури; берење тутун и др.; хортикултура; собирање диви плодови; калемење; сечење стебла; уништување штетници; чистење, лупење, сортирање, пакување, складирање, работи поврзани со одгледување, негување, грижа и користење на шумите;

б) Во секторот Објекти за сместување и сервисни дејности за храна: шанкер/бармен; келнер, кувар; собар; мијач на садови; доставувач на храна; аниматор; хостеса;

в) Во секторот Домаќинството како работодавач: чување деца, чување стари лица и чистење; работи поврзани со чистење за потребите на станбени згради – чистење, одржување и поправка;

Работодавач

Член 6

(1) Работодавач согласно овој закон, може да биде правно лице кое извршува дејност од член 5 став (1) од овој закон.

(2) Работодавач физичко лице согласно овој закон, може да биде:

- лице кое е вршител на земјоделска дејност и се занимава со земјоделска дејност согласно Законот за вршење на земјоделска дејност;

- лице кое нема статус на вршител на земјоделска дејност, а се занимава со земјоделство за задоволување на лични потреби и потребите на членовите на домаќинството, како и за други потреби;

- лице кое дава угостителски услуги, услуги за сместување, апартмани и соби за сместување и одмор, согласно закон и

- лице кое има потреба за вршење на работа во домаќинството.

(3) Работното ангажирање на лице согласно овој закон, се врши непосредно од страна на работодавачот или со посредување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од евиденцијата на невработени лица.

Член 7

(1) Работодавач во смисла на овој закон, не може да биде приватна агенција за вработување.

(2) Приватна агенција за вработување не може да посредува и работно да ангажира лица согласно овој закон.

Член 8

(1) Работодавач правно лице може да ангажира лице за вршење на видот на работа од членот 5 став (2) точки а), б) од овој закон.

(2) Работодавач физичко лице може да ангажира лице за вршење на видот на работа од членот 5 став (2) точки а), б), и в) од овој закон.

Работно ангажирано лице

Член 9

(1) Работно ангажирано лице согласно овој закон, може да биде:

- лице кое не е во работен однос;

- вработено лице;

- самовработено лице;

-лица помлади од 18 години кои согласно општите прописи од работните односи ги исполнуваат условите за засновање на работен однос;

- студент;

- корисник на семејна и старосна пензија, со исклучок на корисници на семејна пензија по основ на неспособност за работа и самостоен живот и

- странец кој има регулиран престој согласно закон.

(2) Со овој закон се забранува работно ангажирање на лица помлади од 18 години за видовите работа за чување деца и стари лица наведени во член 5 став 2 точка в).

## II. УСЛОВИ ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ПОВРЕМЕНА И СЕЗОНСКА РАБОТА

### Член 10

(1) Работодавачот е должен лицето кое е работно ангажирано, пред да стапи на работа, да го запознае со видот и начинот на вршење на работата за која го ангажира, местото на извршување на работата, очекуваното времетраење на работниот ангажман, условите за безбедност и здравје при работа, дневното и неделното работно време, паузата во текот на дневната работа, дневниот и неделен одмор, висината на паричниот надоместок од работно ангажирање, како и начинот и рокот на исплатата на паричниот надоместок.

(2) Обврските на работодавачот од став (1) на овој член, се задолжителни и се содржани во пријавата за работно ангажирање поднесена од работодавачот во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

(3) Работно ангажираното лице изразува согласност за пријавата на работниот ангажман на својот кориснички профил – креиран со неговата прва пријава во регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

(4) Врз основа на пријавата од став (2) на овој член, се генерира потврда за пријавениот работен ангажман од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

(5) Потврдата за пријавениот работен ангажман се доставува во електронска форма и до работно ангажираното лице на неговиот кориснички профил.

(6) Со стапување во работниот ангажман, се смета дека лицето ги прифатило понудените услови за работа со кои работодавачот го има запознаено и се содржани во пријавата од став (2) на овој член. Со давање согласност на ангажираното лице и прифаќање на условите за работа преку неговиот кориснични профил се смета дека е склучен договор за работно ангажирање во согласност со овој закон.

(7) Содржината на потврдата од став (4) на овој член, ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот.

Мерки за спречување злоупотреби од работно ангажирање на лица

### Член 11

(1) Работодавачот од членот 6 од овој закон, може да ангажира лица за вршење работа од сезонска или повремена природа најмногу до 120 дена во текот на календарската година, сметајќи ги календарските денови од првата пријава во регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на

Република Северна Македонија до последната одјава, при што се бројат само деновите кога има работно ангажирани лица.

(2) Работодавачот од членот 6 од овој закон, може да го ангажира истото лице за вршење на работа од сезонска природа најмногу до 60 дена во календарската година, независно дали работното ангажирање е со прекин или без прекин.

(3) Работодавачот од членот 6 од овој закон, може да го ангажира истото лице за вршење на работа од повремена природа последователно или со прекин најмногу до 15 дена во еден месец или најмногу до 60 дена во календарската година.

(4) Работодавачот од членот 6 од овој закон, не може да ангажира лице кое е во работен однос кај тој работодавач за вршење дополнителна или друг вид работа од сезонска или повремена работа.

(5) Лицето може да биде работно ангажирано кај повеќе работодавачи.

(6) Вкупното работно ангажирање на лицето кај сите работодавачи, не може да биде повеќе од 12 часови во текот на денот.

(7) Работодавачот за видовите на работа наведени во член 5 став (2) точка б) од овој закон, може истовремено да ангажира најмногу до 10 лица или најмногу до 10% од вкупниот број на вработени лица кај истиот работодавач.

(8) Работодавачот од членот 6 од овој закон, не може да ангажира лице кое било во работен однос кај тој работодавач во период од дванаесет месеци пред ангажирање на истото лице согласно овој закон.

(9) По исклучок од ставот (8) на овој член, работодавачот може да ангажира лице доколку престанокот на работниот однос е поради исполнување на условите за старосна и семејна пензија.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ И РАБОТНО АНГАЖИРАНОТО ЛИЦЕ

### Права и обврски на работно ангажираното лице

### Член 12

(1) Работно ангажираното лице може да работи најмногу 12 часа на ден, односно најмногу 48 часа неделно, со право на паузи, дневен и неделен одмор, согласно општите прописи од работните односи.

(2) Работно ангажираното лице има право:

- да биде запознаен со условите за работа;

- да биде запознаен со познатите и можните ризици поврзани со видот и начинот на работењето;

- на паричен надоместок за извршениот работен ангажман со уплатен данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и

професионално заболување согласно прописите од социјалното и здравствено осигурување;

- на обука за безбедно извршување на работните задачи, пред започнување со работата;

- на безбедни услови за здравје при работа;

- на посебна заштита доколку работи ноќе или доколку има својство на лице кое има посебна заштита согласно општите трудови прописи;

- на слободно здружување и право на организирање;

- на еднаков третман без дискриминација, вознемирување и насилство и

- да биде информиран најмалку 12 часа пред почетокот, продолжувањето и прекинот на работниот ангажман.

(3) Работно ангажираното лице е должно:

- совесно да ја извршува работата, согласно барањата и упатствата кои претходно се договорени со работодавачот;

- да го почитува работното време;

- да ги почитува прописите за безбедност и здравје при работа во согласност со обуката и насоките дадени од страна на работодавачот;

- да се грижи за сопствената безбедност и безбедноста на останатите лица кои работат со него и

- да го извести работодавачот најмалку 12 часа пред почетокот на работното ангажирање дека го откажува/прекинува работниот ангажман.

Обврски на работодавачот

Член 13

(1) Работодавачот е должен:

- да го запознае работно ангажираното лицето со условите за работа и да го пријави во регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;

- да го запознае работно ангажираното лице во врска со постечките и можните ризици поврзани со работата;

- да му исплати паричен надоместок за извршениот работен ангажман;

- да го оспособи работно ангажираното лице за безбедно извршување на работните задачи, пред започнување со работата;

- да му обезбеди услови за безбедност и здравје при работа;

- да му обезбеди посебна заштита предвидена со прописите од областа на работните односи доколку лицето работи ноќе или има својство на лице кое ужива посебна заштита согласно општите трудови прописи;

- да му овозможи слобода на здружување и право на организирање;

- да обезбеди еднаков третман без дискриминација, вознемирување и насилство;

- да плаќа данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување; и

- да го информира лицето најмалку 12 часа пред почетокот, продолжувањето или прекинот на работното ангажирање.

Престанок на работно ангажирање

Член 14

(1) Работното ангажирање на лицето може да престане во случај на:

- престанок на потребата за која лицето е ангажирано без наведување на причината;

- повреда на договорените обврски;

- неизвршување на работните обврски и

- по барање на ангажираното лице без наведување на причината.

(2) Доколку работното ангажирање престане согласно став (1) алинеи 2, 3, и 4 на овој член, работодавачот е должен на лицето за денот на откажувањето да му ги плати само данокот и придонесите согласно член 15 од овој закон.

Паричен надоместок за работно ангажирање

Член 15

(1) Работно ангажираното лице има право на паричен надоместок за работно ангажирање, кој му се исплаќа во паричен износ за секој час на работно ангажирање и кој не може да биде понизок од минималниот основен нето паричен износ по час согласно со овој закон.

(2) Минималниот основен нето паричен износ по час не може да биде понизок од часот кој се пресметува врз основа на минималната плата која министерот за економија и труд, ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

(3) На паричниот надоместок од став (1) на овој член, работодавачот е должен да уплати данок на личен доход, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување согласно посебните закони од даночната област и социјалното осигурување.

(4) Паричниот надоместок од став (1) на овој член, може да му се исплати на работно ангажираното лице на крајот од работниот ден или најдоцна во рок од пет дена по истекот на работниот ангажман.

(5) Паричниот надоместок од став (1) на овој член, се исплаќа на трансакциска сметка на работно ангажираното лице.

Пресметка и уплата на данок и придонеси

Член 16

(1) На исплатениот паричен надоместок за работното ангажирање, работодавачот е должен да уплати:

- данок на личен доход;

- придонес за пензиско и инвалидско осигурување и;

- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување;

- придонес за осигурување во случај на невработеност.

(2) Даночен обврзник за уплаќање на данокот и придонесите од ставот (1) на овој член е работно ангажираното лице, а работодавачот е должен данокот и придонесите да ги уплати во име и за сметка на ангажираното лице.

(3) Пресметката на данокот и придонесите од ставот (1) на овој член, се врши од страна на Управата за јавни приходи, по претходна пријава во регистарот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

(4) Министерството за финансии - Управата за јавни приходи врз основа на поднесената пријава изготвува налог за плаќање на данокот и придонесите.

(5) Работодавачот е должен да изврши уплата на данокот и придонесите, најдоцна пет работни дена по завршување на работниот ангажман.

(6) Формата и содржината на налогот од став (4) на овој член, ги пропишува министерот за финансии.

Стапка и основица за пресметување на данок и придонеси

Член 17

(1) Стапките на данокот и придонесите од член 16 став (1) на овој член се утврдени согласно одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и Законот за данок од личен доход.

(2) Основица за плаќање на данокот на личен доход и придонесите е износот од 1/30 од висината на најниската основица за пресметка на придонесите, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

(3) Работодавачот плаќа данок и придонес како дневен износ на данок и придонеси за секој ден за кој лицето е работно ангажирано, независно од висината на договорениот паричен надоместок и часовите за кои лицето е ангажирано, но најмногу до шест пати повеќе од минималниот износ определен во член 15 став (2) од овој закон.

(4) Доколку исплатениот паричен надоместок надминува шест пати повеќе од минималниот надоместок, основицата за пресметка на данок и придонеси ќе биде вкупниот исплатен надоместок.

Права на работно ангажираното лице остварени по други основи

Член 18

(1) Остварениот приход по основ на работно ангажирање согласно овој закон не претставува основа за губење на правата стекнати согласно прописите од областа на социјалната и детската заштита.

(2) Евидентираното невработено лице кое е работно ангажирано согласно овој закон, не го губи правото на паричен надоместок стекнато по основ на осигурување во случај на невработеност и не се брише од евиденцијата на невработени лица.

(3) Работно ангажираното лице - корисник на старосна и семејна пензија, како и лице корисник на право на социјална сигурност, кои се утврдени со посебни закони, не го губи веќе стекнатото право.

(4) Студентите ангажирани согласно овој закон, не ги губат правата стекнати по основ на посебните закони од областа на образованието.

(5) Остварениот паричен надоместок на работно ангажираното лице од член 15 од овој закон, не влијае врз губење или остварување на други права утврдени со посебни закони.

## IV. ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТНОТО АНГАЖИРАЊЕ

Регистар за евиденција на работно ангажирање

Член 19

(1) Пријавата на работно ангажирање се врши преку регистар за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: регистар) од страна на работодавачот.

(2) Регистарот за евиденција на работно ангажирање за работодавачот обезбедува:

- поднесување на евиденциона пријава и одјава на работното ангажирање во согласност со членот 20 од овој закон;

- генерирање на потврда за пријавениот работен ангажман со условите за работа од член 20 од овој закон и

- право на пристап и увид до електронската база на податоци на Агенцијата за врабоување за работно ангажирани лица кај работодавачот.

(3) Регистарот за евиденција на работно ангажирање за ангажираното лице обезбедува:

- можност да преземе автоматски генерирана потврда за работниот ангажман со условите за работа;

- да има пристап и увид во електронската база на податоци на Агенцијата за вработување, која содржи информации поврзани со работните ангажмани на ангажираното лице и

- да има пристап до прописи и информации поврзани со работниот ангажман.

(4) Со евидентирање во Регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за финансии-Управата за јавни приходи обезбедува автоматско генерирање на пријава за данок и придонеси по основ на работниот ангажман во согласност со овој закон.

(5) Работно ангажираното лице во регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се идентификува со внесување име и презиме, единствен матичен број на граѓанин (ЕМБГ) или привремен матичен број за странец.

(6) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за секое лице за кое е поднесена пријава од страна на работодавачот во регистарот за евиденција на работно ангажирање, креира посебен кориснички профил кој е достапен и може да се користи за информирање од страна на лицето кое е работно ангажирано и давање согласност за прифаќање на условите за работа.

(7) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија го одржува функционирањето на регистарот.

Форма и содржина на евиденционата пријава

Член 20

(1) Евиденционата пријава во регистарот за евиденција на работно ангажирање, содржи:

- податоци за работодавачот;

- податоци за лицата кои се работно ангажирани;

- податоци за условите и начинот на работното ангажирање и

- податоци за почетокот и престанокот на работното ангажирање

- податоци за исплатата на надоместокот за работно ангажирање и платените даноци и придонеси согласно посебните закони.

(2) Пријавување на работно ангажираното лице се врши на дневна основа или за календарски месец.

(3) Работодавачот е должен ангажираното лице да го пријави најдоцна до 10 часот, за лице кое работи во претпладневните часови (прва смена) или најдоцна до 15 часот, за лице кое работи во попладневните часови (втора смена), односно најдоцна до 22 часот доколку работи во ноќните часови (трета смена).

(4) Работодавачот е должен да поднесе нова пријава во согласност со роковите од ставот (3) на овој член, ако работно ангажираното лице кое е пријавено во календарскиот месец продолжи со работен ангажман  и во наредниот календарски месец.

(5) Доколку работодавачот не го одјави работно ангажираното лице во календарскиот месец за којшто има пријава согласно со став (3) од овој член, ќе се смета дека тоа лице било ангажирано во текот на сите денови во календарскиот месец за којшто е поднесена евиденционата пријава, но не повеќе од 15 работни дена во текот на еден месец доколку е ангажман за вршење работа од повремена придода.

(6) За работен ангажман за вршење работа од сезонска природа не важи ограничувањето предвидено во став (5) на овој член.

(7) Ако престане работното ангажирање на лицето во календарскиот месец, работодавачот е должен да го одјави најдоцна до 10 часот, за лице кое работи во претпладневните часови (прва смена) или најдоцна до 15 часот, за лице кое работи во попладневните часови (втора смена), односно најдоцна до 22 часот, доколку работи во ноќните часови (трета смена), на денот на одјавата, при што одјавата може да се изврши или за тековниот ден или за сите наредни денови за коишто има поднесена евидениона пријава или за конкретни наведени денови.

(8) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е должна, врз основа на податоците од евиденционите пријави и одјави, на дневно ниво, преку информацискиот систем на Управата за јавни приходи автоматски да креира единствена пријава за даноци и задолжително социјално осигурување согласно овој закон.

(9) Формата и содржината на образецот од ставот (1) на овој член, го пропишува министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот во согласност со министерот за финансии.

Размена на податоци

Член 21

(1) Податоците од регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за работно ангажираните лица електронски се разменуваат со Министерството за економија и труд, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Државниот инспекторат за труд и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, заради спроведување на законските надлежности.

(2) Пристап до податоците од регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, може да имаат и други надлежни институции, доколку истото е утврдено со закон.

Евиденција

Член 22

(1) Евиденцијата на работно ангажираните лица во електронска форма по службена должност ја води Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член, ги содржи следните податоци: назив на работодавач/име и презиме, единствен матичен број на субјект/единствен матичен број на граѓанин (ЕМБС/ЕМБГ), дејност и вид на работа.

(3) Обработка на податоците од став (2) на овој член, се врши согласно прописите од областа на заштитата на личните податоци.

(4) Содржината на евиденцијата на работно ангажирани лица ја пропишува министерот за финансии.

V. НАДЗОР

Член 23

(1) Контрола на наплатата на данокот и придонесите врши Управата за јавни приходи согласно Законот за даночна постапка.

(2) Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон, врши Државниот инспекторат за труд.

Член 24

(1) Ако надлежниот инспектор затекне кај работодавач лице кое не е работно ангажирано согласно овој закон, со решение ќе му нареди на работодавачот веднаш да го пријави лицето во регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Притоа, ќе му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавачот, согласно со Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) Министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог

(3) Надзор над примената на одредбите од овој закон, врши Државниот инспекторат за труд.

VI. ПРЕКШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 25

(1) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба од 300 до 600 евра во денарска противвредност на среден работодавач – правно лице, глоба во износ

од 600 до 1000 евра во денарска противвредност на голем работодавач – правно лице, ако:

- ангажира лице на работи спротивно на член 9 став (2) од овој закон;

- не го запознае лицето со условите за работа утврдени во член 10 став (1) од овој закон;

- ангажира спротивно на одредбите од член 12 став (1) од овој закон;

- не постапи во согласност со одредбата од член 13 алинеи 2, 6, 7 и 9 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член, на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член, на работодавач – физичко лице.

(4) За изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, надлежна е прекршочната комисија формирана од страна на министерот надлежен за работите од областа на економија и труд.

(5) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочната комисија од ставот (4) на овој член се спроведува согласно со Законот за прекршоци.

(6) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност на среден работодавач – правно лице, глоба во износ од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност на голем работодавач – правно лице, ако:

- ангажира лице на работи спротивно на член 5;

- не исплати паричен надоместок од работното ангажирање согласно член 15;

- не уплати данок и придонеси во согласност со овој закон;

- не постапи во согласност со одредбата од член 13 алинеи 4 и 5 од овој закон.

(7) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став 6 на овој член, на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(8) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став 6 на овој член, на работодавач – физичко лице.

(9) За изрекување на прекршочните санкции од ставовите (6), (7) и (8) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## VII. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 26

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Законите кои се поврзани со имплементацијата на овој закон, ќе се усогласат во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

(3) Регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и надградбата на системот за наплата на даноци и придонеси на Управата за јавни приходи ќе се воспостави во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува најдоцна 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

I.ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА ВО ОДРЕДЕНИ ДЕЈНОСТИ

Со член 1 се дефинира предметот на уредување на овој закон, односно условите и начинот на работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена и сезонска природа, правата и обврските на ангажираното лице и работодавачот, начинот и постапката на пријавување на ангажираните лица, како и плаќање и пресметка на придонесите и данокот.

Членот 2 ја уредува целта на Законот а тоа е уредување на работното ангажирање на лица за вршење на работи од повремена и сезонска природа поедноставена постапка, а заради остварување на правата на лицата ангажирани по овој основ, задоволување на потребата од работна сила кај работодавачите и формализирање на неформалната работа.

Со членот 3 се уредува правната природа на работното ангажирање при што се дефинира дека работа од повремена и сезонска природа во одредени дејности и не претставува работен однос.

Со членот 4 се дава значењето на определени изрази употребени во Законот.

Членот 5 уредува во кои дејности согласно Националната класификација на дејности, работодавачот може да ангажира лица за вршење на определен вид на работи од повремена и сезонска природа , а тоа се Земјоделството, шумарството, рибарството, Објекти за сместување и сервисни дејности за хран и, Дејности на домаќинството како работодавач. Истиот член ги уредува и видот на работите за кои што работодавачот може работно да ангажира лице во предвидените дејности.

Член 6 дефинира кој може да биде работодавач согласно овој Закон, како и дека работното ангажирање на лице согласно овој закон се врши непосредно од страна на работодавачот или и со посредување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од евиденцијата на невработени лица.

Членот 7 забранува работодавач во смисла на овој закон да биде приватна агенција за вработување, односно приватна агенција за вработување не може да посредува и работно да ангажира лица согласно овој закон.

Член 8 прецизира за кои видови работи може работодавач-правно лице да ангажира лица, а за кои работи лицата можат да бидат ангажирани од страна на работодавач-физичко лице.

Член 9 дефинира кој може да биде работно ангажирано лице и тоа: лице кое не е во работен однос; вработено лице; самовработено лице;лица помлади од 18 години кои согласно општите прописи од работните односи ги исполнуваат условите за засновање на работен однос; студент; корисник на семејна и старосна пензија, со

исклучок на корисници на семејна пензија по основ на неспособност за работа и самостоен живот и странец кој има регулиран престој согласно посебен закон. Со истиот член се дефинираат работите за кои се забранува работно ангажирање на лица помлади од 18 години.

Со членот 10 се предвидува дека работодавачот е должен лицето кое е работно ангажирано, пред да стапи на работа, да го запознае со работата за која го ангажира, местото на извршување на работата, очекуваното времетраење на работниот ангажман, условите за безбедност и здравје при работа, дневното и неделното работно време, паузата во текот на дневната работа, дневниот и неделен одмор, висината на паричниот надоместок од работно ангажирање, како и начинот и рокот на исплатата на паричниот надоместок. Притоа се наведува дека обврските на работодавачот од се задолжителни и се содржани во пријавата поднесена од работодавачот во регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Истиот член говори и за обврската Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија по претходна прва пријава во регистарот за работно ангажирање да креира кориснички профил за ангажираното лице преку кое ќе се информира и ќе даде согласност за воспоставување на работниот ангажман.

Членот 11 содржи одредби со кои се спречува злоупотребата на работното ангажирање на лица со дефинирање на максималниот број на денови во кои работодавачот може да ангажира лица во текот на календарската година (120), максималниот број на денови за кои едно лице може да биде работно ангажирано кај ист работодавач, како и посебностите во вршењето на одредени работи од различна природа дефинирани со овој Закон. Исто така, се определува максималниот број на лица кои можат да бидат работно ангажирани, во однос на лицата коишто се вработени кај работодавачот. Истиот член содржи и забрана за ангажирање на лице кое било во работен однос кај тој работодавач во период од 12 месеци пред ангажирање на истото лице согласно овој закон. Се уредува правото на работно ангажирање кај повеќе работодавачи, и ограничувањето за работа од максимално 12 часови во текот на денот.

Член 12 ги уредува правата и обврските на работно ангажираното лице

Со членот 13 се дефинираат обврските на работодавачот.

Членот 14 ги предвидува случаите кога работното ангажирање на лицето може да престане, како и обврските на работодавачот во тие случаи.

Членот 15 го уредува паричниот надоместок за работно ангажирање кое на лицето му се исплаќа за секој час на работно ангажирање и кој не може да биде понизок од минималниот основен нето паричен износ по час во согласност со овој закон., се дефинира минималниот основен нето паричен износ,како и рокот и начинот на исплата на паричниот надоместок

Член 16 го уредува обврзникот за пресметка и уплата на даноците и придонесите, видот на данокот и придонесите кои треба да се уплатат и рокот во кој истите се пресметуваат и уплатуваат.

Со членот 17 се уредуваат стапката и основицата за пресметување на данок и придонеси.

Членот 18 ги дефинира правата кои се остваруваат по други основи и посебни закони, а на кои не влијае паричниот надоместок за работно ангажирање за губење на истите.

Паричниот надоместок на работно ангажираното лице од член 15 на овој закон не влијае врз остварување на други права утврдени со посебни закони.

Со членот 19 е уреден регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Член 20 ја уредува формата и содржината на евиденционата пријава, но и начинот и роковите за пријавување и одјавување на работно ангажираното лице.

Со членот 21 е уредена размената на податоци со Министерството за економија и труд, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, Државниот инспекторат за труд и Агенцијата за вработување, заради спроведување на законските надлежности, а пристап до податоците од регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија може да имаат и други надлежни институции, доколку истото е утврдено со посебен закон.

Член 22 дефинира дека евиденцијата на работно ангажираните лица по службена должност ја води Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како и содржината на истата.

Член 23 предвидува дека контролата на наплатата на данокот и придонесите ќе ја врши Управата за јавни приходи согласно Законот за даночна постапка, а дека надзор над примената на одредбите од овој закон врши Државниот инспекторат за труд.

Член 24 Надзор над примената на одредбите од овој закон, врши Државниот инспекторат за труд.

Член 25 ги уредува прекршочните одредби за непочитување на Законот.

Член 26 предвидува дека подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, а законите кои се поврзани со имплементацијата на овој закон, ќе се усогласат во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон. Регистарот за евиденција на работно ангажирање на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и надградбата на системот за наплата на даноци и придонеси на Управата за јавни приходи ќе започне да функционира во рок од 6 месеци дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Членот 27 дефинира дека влегувањето во сила на овој закон ќе биде осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а дека истиот ќе започне да се применува а ќе отпочне да се применува најдоцна 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Имајќи предвид дека се работи за нов закон кој уредува нестандардна форма на работа, постои одредена поврзаност со правата од Законот за работните односи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Донесувањето на Законот за работно ангажирање на лица во одредени дејности ќе придонесе за подобрување на севкупните економски односи, сузбивање на неформалната економија и подобра контрола на спроведување на трудовото законодавство. Со овој пропис се регулира начинот на воспоставување на работни ангажмани со или без прекини кои ќе имаат значајна улога за вклучување на одредени категории лица во рамки на формалната економија.